Уп. Бр.08-20/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), со регистрирано седиште на Кетзерг 112, 1232 Виена, Австрија, преку Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 22.02.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), со регистрирано седиште на Кетзерг 112, 1232 Виена, Австрија, ќе стекне контрола над друштвото Скатолифичио Ла Вегиа СПА (Scatolificio La Veggia S.p.A.), со регистрирано седиште на Кастеларано (Реџо Емилија), Виа Маестрале број 6, Италија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 23.12.2022 година, а дополнето на 07.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), со регистрирано седиште на Кетзерг 112, 1232 Виена, Австрија, со која МосбургерГмбХ ќе стекне контрола врз друштвото Скатолифичио Ла Вегиа СПА (Scatolificio La Veggia S.p.A.), со регистрирано седиште на Кастеларано (Реџо Емилија), Виа Маестрале број 6, Италија.

Доствено известување за концентрација е поднесено по правосилност на одлуката на судот од Реџио Емилија (Reggio Emilija), Италија со која е одобрено превземањето од страна на Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), како стекнувач во стечајна постапка на друштвото во стечај Скатолифичио Ла Вегиа СПА.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Мосбургер ГмбХ** е со претежна дејност (предмет на работење) производство на пакување и материјали за пакување.

Мосбургер Гмбх е под целосна контрола на Принжорн холдинг Гмбх.

XXX[1]

Мосбургер ГмбХ нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија, Принжорн групата остварува приходи од продажба на производи за пакување односно материјали за брановидни кутии како и плочи од брановиден картон и кутии од брановиден картон.

Принжорн групата нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

**Скатолифичио Ла Вегиа СПА** е со претежна дејност производство на брановидни плочи, брановидни картони и кутии од брановидни плочи и картони произведени во својата фабрика.

Скатолифичио Ла Вегиа СПА нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија, ниту пак остварува било каков промет на во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**